СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

"Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Понеделник, 14 мај 2001 Скопје Број 37 Год. LVII

Аконтацијата за 2001 година изнесува 7.800 денари. Овој број чини 320 денари. Жиро сметка 40100-603-12498

762.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОПИС НА НАСЕЛЕНИЕТО, ДОМАЌИНСТВАТА И СТАНОВИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, 2001 ГОДИНА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2001 година,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 13 мај 2001 година.

Бр. 07-1757/1
13 мај 2001 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Борис Трајковски, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Стојан Андов, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОПИС НА НАСЕЛЕНИЕТО, ДОМАЌИНСТВАТА И СТАНОВИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, 2001 ГОДИНА

Член 1

Во Законот за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2001 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 16/2001), во членот 4 став 1 зборовите: "15 мај до 30 мај 2001" се заменуваат со зборовите: "1 октомври до 15 октомври 2001".

Во ставот 2 зборовите: "31 мај до 6 јуни 2001" се заменуваат со зборовите: "16 октомври до 22 октомври 2001".

Во ставот 3 зборовите: "14 мај 2001" се заменуваат со зборовите: "30 септември 2001".

Член 2

Во членот 21 став 1 зборовите: "23 април до 5 мај 2001" се заменуваат со зборовите: "1 септември до 15 септември 2001".

Член 3

Во членот 22 став 1 зборовите: "15 до 30 мај 2001" се заменуваат со зборовите: "1 октомври до 15 октомври 2001".

Член 4

Во членот 38 став 1 зборовите: "30 мај 2001" се заменуваат со зборовите: "15 октомври 2001".

Во ставот 3 зборот "5 јуни" се заменува со зборот "20 октомври".

Член 5

Во членот 52 став 1 бројот "30" се заменува со бројот "60".

Во ставот 2 зборовите: "30 јуни 2003" се заменуваат со зборовите: "30 октомври 2003".

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

763.

Врз основа на член 68 став 1 алинеја 13, а во врска со член 94 став 4 од Уставот на Република Македонија и член 3 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 13 мај 2001 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗБОР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За претседател на Владата на Република Македонија е избран Љубчо Георгиевски.

2. За министри кои ќе раководат со одделни министерства, се избрани:

д-р Владо Бучковски, за министер кој ќе раководи со Министерството за одбрана,

Љубе Бошковски, за министер кој ќе раководи со Министерството за внатрешни работи,

Иџет Мемети, за министер кој ќе раководи со Министерството за правда,

д-р Илинка Митрева, за министер кој ќе раководи со Министерството за надворешни работи,

Никола Груевски, за министер кој ќе раководи со Министерството за финансии,

м-р Бесник Фетаи, за министер кој ќе раководи со Министерството за економија,

Марјан Ѓорчев, за министер кој ќе раководи со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство,

д-р Петар Милошевски, за министер кој ќе раководи со Министерството за здравство,

д-р Ненад Новковски, за министер кој ќе раководи со Министерството за образование и наука,

Бедредин Ибраими, за министер кој ќе раководи со Министерството за труд и социјална политика,

Фаик Аслани, за министер кој ќе раководи со Министерството за локална самоуправа,

м-р Ганка Самоиловска-Џветанова, за министер кој ќе раководи со Министерството за култура,

Љупчо Балкоски, за министер кој ќе раководи со Министерството за транспорт и врски и

д-р Владимир Џабирски, за министер кој ќе раководи со Министерството за животна средина и просторно планирање.

3. За други членови на Владата (министри без ресор), се избрани:

Зоран Крстевски,
м-р Џевдет Насуфи,
Илија Филиповски и
Ќемал Муслиу.

4. Со изборот на Владата на Република Македонија на членовите на Владата од претходниот состав кои не се избрани, им престанува функцијата.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-1762/1
13 мај 2001 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Стојан Андов, с.р.

764.

Врз основа на член 48 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 13 мај 2001 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИЦИ НА МИНИСТРИ

1. За заменици на министри во одделни министерства се именувани:

Рефет Елмази, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за внатрешни работи,

Зоран Теофиловски, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за правда,

Мухамед Халили, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за надворешни работи,

Петар Дуљанов, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за финансии,

Зоран Витанов, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за економија,

м-р Јован Дамчевски, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство,

м-р Мухарем Неџипи, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за здравство,

Сабри Асани, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за образование и наука,

Ристо Георгиев, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за труд и социјална политика,

Петре Трајковски, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за локална самоуправа,

д-р Елеонора Петрова - Митевска, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за култура,

Томе Тромбев, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за транспорт и врски и

Марјан Додовски, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за животна средина и просторно планирање.

2. Со именувањето заменици на министри, на замениците на министри од претходниот состав кои не се именувани им престанува функцијата.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-1763/1 13 мај 2001 година Скопје	Претседател на Собранието на Република Македонија, **Стојан Андов,** с.р.

765.

Врз основа на член 28 од Законот за домување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 21/98), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 03. 04. 2001 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА СТАНОВИ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2001 ГОДИНА

I

Со оваа програма се уредува изградбата и одржувањето на станбени згради и станови во сопственост на Република Македонија за 2001 година.

II

ИЗГРАДБА НА СТАНБЕНИ ЗГРАДИ И СТАНОВИ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Со оваа програма е опфатена изградбата на:

- Објекти во градба од претходни годишни програми;
- Објекти кои ќе започнат со градба во 2001 година;
- Проект F/P 1340 на Советот на Европа-Фонд за социјален развој за изградба на социјални станови;
- Нови објекти предвидени за изградба во фаза на припрема со период на градба 2001 и 2002 година.

Во Програмата се дадени физички и финансиски показатели на објектите со станбен и деловен простор.

За организирање и реализација на истата се задолжува Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија.

Од вкупно изградените станови, 25% ќе бидат наменети за социјално загрозени лица-станбено необезбедени, согласно со член 30 од Законот за домување.

Согласно Законот за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Договорот за заем по "Проект за изградба на станови кои ќе се издаваат на лица со ниски примања" ("Сл. весник на РМ" бр. 41/2000), ќе бидат изградени 804 стана во девет градови во Република Македонија.

Одреден број на станови ќе бидат наменети за спроведување на Законот за денационализација.

Останатите станови ќе се распределат, односно продадат на младите брачни двојки станбено необезбедени, со давање можност за поволни услови за купување на стан со 50% учество (во одделни случаи учеството може да биде и помало, но не помалку од 30%), а остатокот на одложено плаќање на 10 години со каматна стапка од 8,4%.

Со ова програмата не се исцрпува, односно останува отворена и за утврдувањето на основите за изготвување на оваа програма претставува директна реализација на обврските утврдени во погоре цитираните закони.

I. ОЦЕНКА ЗА СОСТОЈБИТЕ ВО ИЗГРАДБАТА НА СТАНБЕН И ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ВО ТЕКОТ НА 2001 ГОДИНА

I. Физички показатели

I.1. Објекти во градба од претходни годишни програми

Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија на територија на Републиката во текот на 2000-та година има започнато вкупно 24 објекти со станбен и деловен простор со вкупно 214 станови и површина од 11.350,62м^2, деловен простор со површина од 747,21м^2, гаражи со површина од 112,35м^2 и 194 подруми наменети за продажба со површина од 1.241,99м^2.

Довршување на 22 станбени единици "Хуманитарна помош од Р. Бугарија" кои ќе се преземат од Министерството за транспорт и врски на РМ кои се недовршени во населба Илинден-Скопје со вкупна површина од 1.028м^2.

Завршување и предавање во употреба на објекти се предвидува во 2001 година.

Објектите во градба од претходните годишни програми се дадени во прилог бр. 1 кој е составен дел на оваа програма.

I.1.1. Светски Бизнис Центар (WTC)-Скопје

Се гради, реконструира, доградува и надградува над "Секција 8" во Градски Трговски Центар-Скопје. Вкупната површина на објектот од ниво -8,35м. до ниво +38,25м. изнесува бруто 20.783,01м^2.

Објектот е изведен во карабина и до крајот на 1999 година е завршена фасадата. Се изведува во соинвеститорство со "Јукан-инженеринг" ДОО Скопје.

Договорот за изградба на објектот со соинвеститорство е во сооднос 55% на Јавното претпријатие и 45% на "Јукан-инженеринг".

I.1.2. Објекти кои ќе започнат со градба во 2001 година

Со Програмата за изградба на станбен простор на територијата на РМ за 2001 година се предвидени 37 нови објекти со 1.140 станови со површина од 70.094,36м^2, деловен простор со површина од 6.177,94 м^2, гаражи со површина од 2.820,13м^2 и 956 подруми со површина од 7.842,58м^2.

Доколку има поволни понуди од градежните претпријатија во Република Македонија на станови кои се веќе изградени, а непродадени, ќе се пристапи со откуп на овие станови.

Објектите кои ќе започнат со градба во 2001 година се дадени во прилог бр. 2 кој е составен дел на оваа програма.

I.1.3. Проект F/P 1340 на Советот на Европа-Фонд за социјален развој за изградба на социјални станови

Се предвидува изградба на 17 објекти со 804 станови со површина од 49.868,05м^2, деловен простор со површина од 2.039,02м^2 и 492 подруми со површина од 3.381,37м^2 кои ќе бидат градени во текот на 2001 и 2002 година.

Проектот F/P 1340 на Советот на Европа-Фонд за социјален развој за изградба на социјални станови ќе го реализира Министерството за транспорт и врски преку Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија.

Проектот F/P 1340 на Советот на Европа-Фонд за социјален развој за изградба на социјални станови е даден во прилог бр. 3 кој е составен дел на оваа програма.

I.1.4. Нови објекти предвидени за изградба на станбен простор во фаза на припрема

Ќе се отпочнат припремните работи на значителен број објекти на територијата на Република Македонија, кои се неопходни заради осигурувањето на континуитетот и динамиката на изградба во периодот по 2001/2002 година: доделување на градежното земјиште, геомеханички испитувања, изработката на техничката документација и нејзината ревизија во периодот по 2001 година, за да се запази динамиката на изградбата на станови во рамките на Програмата за наредната година.

Во фаза на припрема се предвидуваат 34 објекти со 1.465 станови со вкупна површина од 86.456,53м^2, деловен простор со површина од 7.267,00м^2, гаражи со површина од 1.091,50м^2 и 1.355 подруми со површина од 14.029,36м^2.

Новите објекти предвидени за изградба на станбен простор во фаза на припрема се дадени во прилог бр. 4 кој е составен дел на оваа програма.

Рекапитулар на предвидената станбена изградба која се очекува со сигурност да се одвива во текот на 2001/2002 година претставуваат: 2.158 станови со вкупна површина од 131.313,03м^2, деловен простор со површина од 8.964,17м^2, гаражи со површина од 2.932,48м^2 и 1.642 подруми со површина од 12.465,94м^2.

Рекапитуларот на предвидената станбена изградба е даден во прилог бр. 5 кој е составен дел на оваа програма.

II. ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ СО ДИНАМИКА НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОБЈЕКТИТЕ И СРЕДСТВАТА

II.1. Финансиски показатели за објектите во градба од претходни програми

- Вкупно чинење на објектите во градба од поранешните програми изнесува 8.861.596 ДЕМ, во денарска противвредност по среден курс на Народна банка. Досегашните вложувања во овие објекти изнесува 2.338.173 ДЕМ, а потребни средства за нивно целосно завршување изнесуваат 6.523.423 ДЕМ. Објектите се во фаза на градба и се очекува нивно квалитетно довршување и давање во употреба во 2001 година.

II.1.1. Финансиски показатели за објект Светски бизнис центар-Скопје

Вкупната инвестициона вредност на објектот е проценета на 28.474.226 ДЕМ.

На оваа инвестициона вредност треба да се додаде проценетата вредност на постоечката "Секција 8" во ГТЦ, над која се надградува, доградува и реконструира објектот во износ од 9.090.658 ДЕМ, што е учество на Државата во вкупната инвестиција.

Во оваа проценета вредност не влегуваат површините од постоечката "Секција 8" во ГТЦ на ниво -5,90 м, -7,00м и -8,35м со вкупна површина од 3.693,74м^2, чија проценета вредност изнесува 2.489.346 ДЕМ. Таа површина и по расчистување на "статусната" состојба на објектот не треба да биде предмет на продажба и останува во функција при експлоатација на објектот и со неа ќе стопанисува Јавното претпријатие.

На овој начин вкупната инвестициона вредност на објектот се планира да изнесува:

28.474.226 + 9.090.658 = 37.564.884 ДЕМ.

Вредноста на досегашните склучени договори за проектирање и градба изнесуваат:

- проектирање 1.037.407 ДЕМ
- градба 10.145.119 ДЕМ

Вкупно = 11.182.517 ДЕМ од кои:

- ЈПССДПРМ искажано преку финансиска документација има платено парични средства од 6.217.601 ДЕМ,
- "Јукан-инженеринг" 2.480.735 ДЕМ.

Планирани потребни средства за довршување на објектот изнесуваат:

37.564.884 - 6.217.601 - 2.480.735 - 9.090.658 = 19.775.890 ДЕМ

- трошоци за ентериер опрема, пултови за симултан превод = 3.250.000 ДЕМ.

Вкупно потребни средства = 23.025.890 ДЕМ,
од кои делот на Јавното претпријатие изнесува
23.025.890 ДЕМ x 55% = 12.664.240 ДЕМ.
Делот на "Јукан-инженеринг" изнесува
23.025.890 ДЕМ x 45% = 10.361.650 ДЕМ.

Реален рок за завршување на објектот почеток на 2002 година.

II.2. Финансиски показатели за објекти кои ќе започнат со градба во 2001 година

Вкупното чинење на објектите кои ќе започнат со градба во текот на 2001 година изнесува 76.514.945 ДЕМ. Досега во припремни работи за овие објекти Јавното претпријатие има вложено средства во висина од 542.770 ДЕМ. За нивно целосно завршување потребни се средства во висина од 75.972.174 ДЕМ. Меѓутоа бидејќи објектите ќе се градат во период 2001-2002 година, во текот на 2001 година се очекува да се вложат 50% од потребните средства, односно 37.986.087 ДЕМ.

II.3. Финансиски показатели за реализација на Проектот Ф/П 1340 на Советот на Европа-Фонд за социјален развој за изградба на социјални станови

Вкупно чинење на објектите, односно становите изнесува 48.160.163 ДЕМ.

Досегашни вложувања на Јавното претпријатие изнесуваат 2.002.283 ДЕМ, така што вкупно потребни средства за довршување на објектите изнесуваат 46.157.880 ДЕМ.

Согласно Законот за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Договорот за заем по "Проект за изградба на станови кои ќе се издаваат на лица со ниски примања" ("Сл. весник на РМ" бр. 41/2000), 30.000.000 ДЕМ, односно околу 15.000.000 EUR ќе бидат финансирани во вид на заем од Банката за развој при Советот на Европа, а останатите 18.160.163 ДЕМ ќе бидат обезбедени од Буџетот за 2001 година.

Треба да се напомене дека објектот во Прилеп К-5 лам. Б и В е изграден и досега се вложени средства во висина од 1.747.780 ДЕМ.

II.4. Финансиски показатели за новопредвидени објекти во програмата за изградба за 2001 година во фаза на припрема за изградба во 2001/2002 година и потоа

За да се задржи континуитет на зголемен обем на колективната станбена изградба во Републиката, а пред сé на изградба на социјални и ефтини станови за млади брачни двојки, неопходно е обезбедување на проектна документација како припрема пред отпочнувањето со градбата.

За остварување на оваа цел, новопредвидени објекти за колективна станбена изградба за крајот на 2001 година, а претежно за 2002 во фаза на припрема: евентуално иницирање изработка (или измена) на урбанистичките планови, евентуална изработка на урба-

нистички проекти, решавање на имотно правните односи, доделување на градежното земјиште, обезбедување на услови за градба, геомеханички испитувања, изработка идејни и главни проекти, како и нивна ревизија и обезбедување на останата документација за добивање на дозвола за градење.

Потребните средства за реализирање на програмски планираните активности за припремните дејствија на наведените објекти за 2001 година изнесуваат 2.031.875 ДЕМ од кои досега се вложени 16.540 ДЕМ, а за довршување на предвидените активности потребни се уште 2.015.335 ДЕМ.

Рекапитуларот на финансиски средства е даден во прилог бр. 6 кој е составен дел на оваа програма.

III. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА НА СТАНБЕН ПРОСТОР НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2001-та ГОДИНА

За реализација на Програмата во 2001 година вкупно потребни средства се во висина од 92.682.726 ДЕМ плус 12.644.240 ДЕМ за Светскиот Бизнис Центар Скопје.

Финансиските средства ќе се обезбедат од следните извори на финансирање:

III. 1. Приходи од ануитети за 2001 година на продадени станови со одложено плаќање на 10 години.

Приспеани ануитети за 12 месец 2000 година, се 12.762.352,00 денари односно 411.689 ДЕМ

411.689 ДЕМ x 12 месеци = ...4.940.268 ДЕМ
Вкупно III.1. 4.940.268 ДЕМ

III. 2. Приходи од закупнина на станбен и деловен простор за 2001 година за проширување на материјалната основа.

Очекувана фактурирана станарина за 2001 година 88.427.000,00 денари.

Очекувана наплатена станарина за 2001 година 48.370.000,00 денари односно (1.506.322 ДЕМ).

Очекувана фактурирана закупнина за 2001 година 325.868.000,00 денари.

Очекувана наплатена закупнина за 2001 година 217.623.000,00 денари односно (7.020.097 ДЕМ)

станарина 1.506.322 ДЕМ x 25%.....376.581 ДЕМ
закупнина 7.020.097 ДЕМ x 15%.....1.053.015 ДЕМ
Вкупно III.2. 1.429.596 ДЕМ

III.3. Заем од Банката за развој при Советот на Европа

Согласно Законот за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Договорот за заем по "Проект за изградба на станови кои ќе се издаваат на лица со ниски примања" ("Сл. весник на РМ" бр. 41/2000) 30.000.000 ДЕМ односно околу 15.000.000 ЕУР ќе бидат финансирани во вид на заем од Банката за развој при Советот на Европа

Заем од Банката за Развој
при Советот на Европа.....30.000.000 ДЕМ
Вкупно III.3. 30.000.000 ДЕМ

III.4. Од аванси дадени на градежна оператива

Вкупните непокриени аванси дадени на градежната оператива во минатите години се значително намалени во однос на програмите за 1997, 1998 и 1999 година и изнесуваат = 4.192.222 ДЕМ

и за истите градежната оператива има обврска за довршување на објектите (одработување на однапред примените средства) и тие на крај на 2001 година треба да изнесуваат 0.00 ДЕМ

Вкупно III.4. 4.192.222 ДЕМ

III.5. Ангажирање на добивката од 2000-та година од околу 64.000.000,00 денари (2.000.000 ДЕМ) (точниот износ ќе биде утврден по Завршна сметка на Јавното претпријатие)

се одбива 15% за даноци и 15% за законски резерви

2.000.000 x 70% =.....1.400.000 ДЕМ
Вкупно III.5. 1.400.000 ДЕМ

III.6. Од остаток на средства за учество во постапка по јавна продажба на имот на Штедилницата "ТАТ" во стечај.

- Согласно Одлуката на Владата на РМ бр. 23-4012/1 од 22.08.2000 година за учество во постапка по јавна продажба на имот на Штедилницата "ТАТ" во стечај, издвоени се средства во висина од 5.000.000 ДЕМ.....5.000.000 ДЕМ
- Досега се потрошени вкупно 40.607.027,00 денари односно (1.309.904 ДЕМ).....1.309.904 ДЕМ
- Остануваат
непотрошени (5.000.000 - 1.309.904).....3.690.096 ДЕМ
Вкупно III.6. 3.690.096 ДЕМ

III.7. Од продажба на непродадени станови, деловен простор и гаражи кои нема да бидат употребени за реализација на Законот за денационализација;

III.8. Од поволни банкарски кредити;

III.9. Со продажба на становите и деловен простор во текот на градба на објектите;

III.10. Согласно Законот за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Договорот за заем по "Проект за изградба на станови кои ќе се издаваат на лица со ниски примања" ("Сл. весник на РМ" бр. 41/2000), 18.160.163 ДЕМ ќе бидат обезбедени од Буџетот.

Извори на финансирање	(ДЕМ)
III.1	4.940.268
III.2	1.429.596
III.3	30.000.000
III.4	4.192.222
III.5	1.400.000
III.6	3.690.096
III.10	18.160.163
ВКУПНО	63.812.345

Потребни средства за реализација на Програмата за изградба за 2001 година	92.682.726 ДЕМ
Очекувани приходи од извори на финансирање за реализација на Програмата за изградба за 2001 година од III.1 до III.6 и III.10	63.812.909 ДЕМ
Останати потребни средства	28.870.381 ДЕМ

Останатите потребни средства за реализација на Програмата за изградба за 2001 година во висина од 28.870.381 ДЕМ ќе се обезбедат од Приходи од продажба на непродадени станови, деловен простор и гаражи кои што нема да бидат употребени за реализација на Законот за денационализација, потоа со користење на поволни банкарски кредити, како и продажба на станбен и деловен простор во тек на изградба на објектите.

- Потребните средства во висина од 23.025.890 ДЕМ за довршување на Светски Бизнис Центар Скопје ќе се обезбедат од:
- Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на РМ
23.025.890 ДЕМ x 55% = 12.664.240 ДЕМ
- од "Јукан - инженеринг"
23.025.890 ДЕМ x 45% = 10.361.650 ДЕМ.

- Објектот треба да добие статусна форма во експлоатација и ако истиот не се продаде туку се издава под закуп, за што ќе одлучи Владата на Република Македонија, средствата ќе се обезбедат од поволни банкарски кредити, а во колку се продава тогаш средствата ќе се обезбедат со продажба во тек на градба.

III

ОДРЖУВАЊЕ НА СТАНБЕНИ ЗГРАДИ И СТАНОВИ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Министерството за транспорт и врски со Програмата ги насочува основите за обезбедување средства за одржување на станбените згради и станови во сопственост на Република Македонија со намера да истите ги пласира во одржувањето на станбените згради и станови во сопственост на Република Македонија.

Имено, се работи за одржување на станбениот фонд во сопственост на Република Македонија кој согласно Законот за стопанисување со станбени и деловен простор на Република Македонија е доделен на стопанисување на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија.

За одбележување е тоа што со Законот за продажба на становите во општествена сопственост ("Сл. весник на СРМ" бр. 36/90 и "Сл. весник на РМ" бр. 62/92) е овозможено носителите на станарско право истите да ги откупува со што и отпочна сопственичката трансформација во оваа област.

Пред донесувањето на овој закон вкупниот број на станови во општествена сопственост изнесува повеќе од 49.271 стан со кои во тоа време стопанисуваа тогашните СИЗ- за становање.

Програмата особено содржи:

- Оцена на состојбата во врска со одржувањето на станбените згради и станови;
- Финансиски средства за одржување на станбените згради и станови;
- Мерки за обезбедување подобри услови за домување во постојните станбени згради и станови;
- Определување елементи за утврдување висината на закупнината и продажната цена на становите;
- Други работи во врска со станбените згради и становите во сопственост на Република Македонија.

Средствата за инвестиционо одржување се обезбедуваат од делот на наплатена закупнина која е утврдена со посебна Одлука.

Со исклучок на закупнината, во оваа програма не се опфатени можните додатни извори на средства, како што е тоа речено со Законот, заради фактот што во Буџетот за 2001-та година, таква ставка не е предвидена. Секои додатни извори на средства кои ќе бидат наменети за одржување на станбените згради и станови како што се донации, фондации и слично ќе бидат вклучени во реализацијата на својата намена.

За реализација на оваа програма ќе се грижи Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија.

I. Оцена за состојбите

Оцената за состојбите во врска со одржувањето на станбените згради и станови опфатени во оваа програма се прикажува преку: - физичките показатели наведени во прегледите на становите по "квалитет на градбата" и "статусот на користењето".

1. Физички показатели за станбените згради и станови

Состојбата на станбениот фонд кој е предмет на одржување искажан преку физички показатели врз основа на пописот за 2000 година според квалитетот на градба, структурата на станови и статусот на користење се прикажува како што следи:

1.1. Бројот на станови според квалитетот на градба

Вкупниот број на станови во сопственост на Република Македонија изнесува 5.761, од кој број разврстен според квалитетот на градба се:

- станови изградени од тврда градба изнесува 4.550 стана, монтажна градба изнесува 344 стана, а становите во субстандардна состојба изнесуваат 867 стана.
- бројот на еднособни станови е најголем и изнесува 2.687 стана, бројот на двособните станови изнесува 2.310, бројот на трисобни станови изнесува 611, додека бројот на четирисобни и повеќе е 153 стана.

1.2. Површина на станови

Според површината на становите, може да се констатира дека најголем број на станови има во Скопје 2.447 со површина од 118.311,65 м^2, што претставува 42,4% од вкупната површина. Веднаш по Скопје е Битола со 590 стана и површина од 30.391,19 м^2.

Вкупната површина на становите изнесува 279.123,26 м^2.

1.3. Бројот на станови според статусот на користење

Бројот на становите искажан според статусот на користењето од страна на корисниците на становите со статус на станарско право изнесуваат 3.876 стана.

За разлика од останатиот број на станови за кои не е решен статусот на корисниците, овој број на корисници во пракса не предизвикува посебни проблеми, затоа што е решен нивниот статус во однос на користењето и истите можат да ги откупат согласно Законот. Меѓутоа, за останатите видови на корисници, статусот на користењето на становите е проблематичен и се до конечното негово решавање.

Рекапитуларниот приказ на корисниците со нерешен статус на користењето е следниот:

- корисници на станови со времени решенија	348
- корисници на станови без никаква документација	432
- корисници на станови диво вселени	696
- корисници на станови со друг вид на користење	409
Вкупно:	1885

Корисници на станови со времени решенија:

Во оваа категорија на корисници на станови со времени решенија во најголем број случаи се станови ангажирани за реализација на: "Програмите за уредување на градежно земјиште на општините."

Корисници без документација:

Во оваа категорија се застапени оние семејства кои сместувањето не можат да го докажат со валидни документи, како и оние кои со текот на времето документите ги изгубиле или гласат на починати корисници, а наследниците своето право не го оствариле преку соодветна постапка.

Друг вид на корисници:

Во категорија друг вид на корисници спаѓаат становите во сопственост на поранешните ЈУ републики, како и станови издадени по основ на закуп согласно на Законот за домување, станови на хаусмајстори и слично.

Треба да се има во предвид дека ситуацијата за нерешен статус на корисниците на становите во сопственост на Република Македонија не е предизвикана во поново време, туку таа датира од поодамна преку разни влијанија.

Слободно може да се каже дека почетоците кон создавање на ваквата состојба започнаа од пред донесувањето на Законот за станбени односи.

II. Извори на средства

Основен извор за финансирањето на активностите околу одржувањето на станбените згради и станови претставува закупнината како цена на услугите за користење на становите наменет за одржување.

Висината на средствата од закупнината со кои се реализира во оваа програма, се обезбедува со посебна Одлука.

Поаѓајќи од вакви основи, апсолутните износи на финансиските средства кои ќе бидат ангажирани во 2001-та година за одржување на станбените згради и станови на ниво на Република Македонија и по Подрачни единици, преку искажувањето на делот наменет за одржување на становите чии корисници се социјално загрозени лица се прикажува во вкупните средства за одржување на станбените згради и станови на ниво на Република Македонија, што ќе бидат ангажирани изнесуваат 22.106.750,00 денари од кои 4.421.350,00 денари ќе бидат наменети за одржување на станбените згради и станови чии корисници се станари со статус на социјално загрозени лица, а останатиот дел од 17.685.400,00 денари ќе биде наменет за интервенции во останатите станбени згради и станови.

Напоменуваме дека во посебните програми, односно листи за оперативно дејствување во одржувањето на станбените згради и станови, што ќе бидат изготвени од страна на Подрачните единици, меѓу другото, ќе бидат наведени податоци за адресата на станот, односно зградата, видот на интервенцијата (поправка, замена или реконструкција) како и вредноста на интервенцијата.

Распределбата на средствата наменети во одржувањето на станбените згради и станови по подрачните единици е направена согласно планираниот број на становите и планираната фактурирана закупнина за 2001-та година што е и основна рамка за вложувањата и интервенциите од страна на Подрачните единици.

Врз основа на вака утврдените средства во апсолутни износи се задолжува Јавното претпријатие да ги реализира оперативните програми во зависност од ликвидните средства по однос на наплатената закупнина од корисниците на станови.

III. Мерки за обезбедување подобри услови за одржување во постојните станбени згради и станови

Поаѓајќи од досегашното искуство, како и од утврдените обврски со одредбите на законските прописи во областа на стопанисувањето со станбениот фонд, во смисла на успешното одржување се задолжува Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија при реализација на оваа програма да ги има во предвид следните мерки заради обезбедување подобри и поефикасни услови за одржување на постојните станбени згради и станови:

1. При изготвување на "Оперативните програми" како листа за оперативно дејствување во одржувањето на станбените згради и станови, треба да се поаѓа од претходно извршена анализа на станбените згради и станови преку изготвување на техничка документација со предмер на количините на работа и нивната вредност.

2. Оперативната програма изготвена од страна на Јавното претпријатие во основа треба да кореспондира со паричните средства наменети за одржување на станбените згради и станови утврдени во оваа програма.

3. Посебно место и улога во изготвувањето на оперативната програма за одржувањето на станбените згради и станови треба да имаат интервенциите во станбените згради и станови чии корисници се социјално загрозени лица.

4. При интервенциите за одржување на колективните згради со мешовита сопственост, од особена важност е досегашното дефинирање на делот на интервенциите кои се на терет на средствата предвидени со оваа програма.

Реалното дефинирање на средствата за делот што се однесува за становите во сопственост на Република Македонија, во секој случај, треба да биде и облигационо регулирано, преку соодветен договор за интервенции во одржувањето на колективните станбени згради со станарите чии станови се во лична сопственост.

Во смисла на горното неопходно е соодветна соработка со куќните совети во станбените објекти со мешана сопственост, се со цел да се постигне рационална, економична и ефикасна реализација на проектот за интервенции во одржувањето на станбениот објект.

5. Заради избегнување на одредени можни катастрофи или штети во негрижата од одржувањето на станбените објекти од било кои субјекти или објективни причини, (куќен совет, поединци, сопственици и др.) се задолжува Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија да покрене иницијатива за отстранување на причините кои би довеле до можни катастрофи.

При отстранување на причините за можните катастрофи, Јавното претпријатие е должно да ги користи сите овластувања што се дадени со позитивните законски прописи, а особено одредбите на Законот за домување како основен нормативен акт од областа на домувањето, како и ги информира и инсистира органите надлежни за оваа област да интервенираат за отстранување на причините кои би довеле до можни катастрофи.

IV. Определување елементи за висина на закупнината и за продажната цена на становите

1. Елементи за утврдување висината на закупнината

Во услови на општествената сопственост на станбениот фонд, основен извор на средства за финансирањето на активностите околу стопанисувањето со станбениот фонд беше станарината.

По својата суштина, станарината претставува цена на услугите за користењето на станот.

Со Законот за домување, кој во целост стапи во сила од 18.05.1999 година, станарината како поим, се заменува со поимот, "закупнина" заради новите односи во користењето на станот.

По својата суштина закупнината како цена на услугата за користење на станот треба во иднина да поприми облигационен однос меѓу корисникот и сопственикот на станот.

Во вакви нови односи меѓу закуподавец и закупец на станот се поставува прашањето за изнаоѓање на елементи за утврдување висината на закупнината.

Од досегашната пракса која сеуште е во сила основни елементи за утврдување висината на станарината, односно закупнината, за користење на станот се:

- Градежната вредност на станот;
- Амортизација на станот во зависност од годините на староста;
- Површината на станот и
- Коефициентот на вредноста на бодот, како основа за утврдување на висината на закупнината.

Во рамките на ваквите основни елементи за утврдување на висината на закупнината, аналитички и синтетички се разработени поедините елементи во структурата на градежната вредност изразени во соодветен број на бодови.

Преку висината на коефициентот на вредноста на бодот во основа се воспоставуваат економските параметри во водењето на политиката за утврдување на висината на закупнината.

Во сегашни услови висината на закупнината на ниво на Јавното претпријатие се движи од 24 до 37 денари по 1м^2 која во основа зависи од квалитетот на станот и другите параметри кои ја сочинуваат стандардната опременост на станот.

Исклучок во однос на примената на овие елементи претставуваат супстандардните станови за кои висината на станаринаа, односно закупнината, се утврдува во рамките од 25%-40% од вредноста на становите со просечни услови на становање.

Висината на закупнината на станови во сопственост на Република Македонија доделени на лица избрани, именувани и назначени за вршење на јавни функции утврдени со Устав и закон се намалува за 25% од вредноста добиена при пресметувањето на закупнината согласно определените елементи за утврдување на висината на закупнината.

2. Елементи за утврдување вредноста на станот

2.1. Вредноста на станбениот фонд на кои право, должност и одговорност во поглед на располагање има Република Македонија што е дадена на стопанисување на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија, се утврдува врз основа на Уредбата за критериумите и начинот на утврдувањето на продажната цена на становите во општествена сопственост ("Сл. весник на РМ" бр. 68/92) како и нејзината измена во ("Сл. весник на РМ" бр. 57/99).

Основни елементи за утврдување вредноста на становите во сопственост на Република Македонија се:

- градежна вредност на станот;
- амортизација на станот во зависност од годината и старост;
- трошоците за уредување на градежното земјиште и
- местоположбата на станот во зависност од оддалеченоста на зградата до централното градско подрачје и во состав на зградата.

Преку аналитичките и синтетичките елементи што се наведени во цитираната "Уредба" и соодветните бодови дадени за секој аналитички и синтетички елемент, се воспоставуваат еднакви стартни основи во утврдувањето во висината на вредноста на станот.

Во образецот за утврдување на градежната вредност на станот изразена во бодови за 1 м^2, покрај основните бодови присутни се и корективни коефициенти изразени во бодови.

Со множење на добиените бодови со површината на станот се изнаоѓа вредноста на станот во бодови, а вредноста на станот за продажба се изнаоѓа преку множењето на овие бодови со утврдениот коефициент од 0,60 ДЕМ по 1 бод.

Се оценува дека вака изнајдената вредност, односно со примената на одредбите од Уредбата за критериумите и начинот на утврдување на продажната цена на становите во општествена сопственост во целост ги задоволува потребите и претставува основа за изнаоѓање и на цената на становите во сопственост на Република Македонија.

Разликата меѓу продажбата на становите во општествена сопственост и продажбата на становите во сопственост на Република Македонија треба да се манифестира преку вредноста на коефициентот, односно вредноста на бодот.

Во зависност од одредени услови во утврдување во стандардот на станувањето како и условите на пазарот, вредноста на бодот во основа треба да се движи како што следува.

	ГРУПА	ЦЕНА НА БОДОТ
1	2	3
1	Скопје	0,60 - 1,20 ДЕМ/БОД
2	Битола, Прилеп, Куманово, Охрид, Струга, Тетово и Гостивар	0,60 - 1,10 ДЕМ/БОД
3	Останати градови во Републиката	0,60 - 1,00 ДЕМ/БОД

Висината на вредноста на бодот ќе се утврди по зони по градовите во Република Македонија, согласно Програмата за продажба на становите во сопственост на Република Македонија, освен национализирани станови за кои вредноста на бодот ја утврдува Владата на Република Македонија.

Вредноста на становите по 1 м^2 помножена со цената на бодот ја дава продажната цена на станот по 1м^2, односно вкупната продажна цена на станот.

Станбениот простор што е предмет на продажба, големината на станбениот простор, динамиката на остварување на продажбата и вредноста на становите се утврдуваат со програми на Министерството за транспорт и врски на Република Македонија.

2.2. За становите кои се изградени или се градат согласно досегашните програми, елементи за утврдување на градежната цена на становите се:

- Трошоци за доделување на градежно земјиште за користење.
- Трошоци за уредување на градежно земјиште.
- Трошоци за изградба.
- Трошоци на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија за реализација на програмите.
- Данок на промет на продажба.
- Данок на додадена вредност и др.

IV

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1978/1
3 април 2001 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Љубчо Георгиевски, с.р.

ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ВРСКА СО ИЗГРАДБАТА

I Физички показатели

I.1 Објекти во градба од предходни Програми

Ред бр.	Подрачна единица	Локација (објект)	Катност	Број на објекти	станови		деловен простор	гаражи	подруми	
					број	површина (м2)	површина (м2)	површина (м2)	број	површина (м2)
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11
1	БИТОЛА	Б-17 БЛР II	П+4+Пк	1	84	3,801.41			84	372.14
2	КИЧЕВО	„Маршал Тито" 57	П+4+Пк	1	16	1,205.36	201.28		16	184.73
3	СТРУГА	„Маршал Тито" 66 Л1 П+4 Л2 П+3 Л-1 и Л-2 УЕ-1		1	21	1457.45	211.05	112.35	21	124.71
4	ВЕЛЕС	ст. згр. „Благој Ѓорев"66 Лам А и Б	П+4+Пк	1	29	1,465.34	192.09		29	291.30
5	КОЧАНИ	нас. Калиманова глава „Роза Петрова" 66	П+4	1	42	2,393.06	142.79		44	269.11
6	СКОПЈЕ	нас."Илинден"	П	19	22	1,028.00	0.00	0	0	0.00
		Вкупно I.1.		**24**	**214**	**11,350.62**	**747.21**	**112.35**	**194**	**1,241.99**

I.2 Објекти кои ќе започнат со градба во 2001 год.

Ред бр.	Подрачна единица	Локација (објект)	Катност	Број на објекти	станови		деловен простор	гаражи	подруми	
					број	поршина (м2)	поршина (м2)	поршина (м2)	број	поршина (м2)
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11
1	СКОПЈЕ	Б-9 УЕ-18	П+6	1	53	2,796.00	470.00	780.00		
		Б-14 УЕ-18	П+6	1	32	2,200.00		615.00		
		Реонски Центар „Аеродром" - Ново Лисиче 1.6 Б1´	П+5	1	42	2,524.00	361.70		42	114.52
		Реонски Центар „Аеродром" - Ново Лисиче 1.14 Б1´	П+5	1	42	2,524.00	361.70		42	114.52
		Реонски Центар „Аеродром" - Ново Лисиче 1.7 К1	П+6+Пк	1	32	2,400.00			32	150.00
		Реонски Центар „Аеродром" - Ново Лисиче 1.13 К2	П+6+Пк	1	34	2,302.00				
		Лихнида Б-9	П+4	1	27	1,596.00			27	320.00
		Чаир МЗ Вељко Влаховиќ2.1	П+5+Пк	1	77	4,704.00			77	670.00
		Чаир МЗ Вељко Влаховиќ3.1	П+4+Пк	1	42	2,713.20			42	450.00
		Чаир МЗ Вељко Влаховиќ3.2	П+4+Пк	1	30	1,785.00			30	300.00
		Шуто Оризари 3.1.	П+3+Пк	1	73	4,357.50			73	870.00
		МЗ Ферид Бајрам 9.1.	П+6	1	150	8,971.20	1,500.00		150	1500.00
		МЗ Ферид Бајрам 9.3.	П+6	1	54	3,225.60	540.00		54	540.00
2	БИТОЛА	Шерусти (Довлеџик) 3 ламели	П+5; П+6	1	58	3,173.30	181.23		58	440.00
3	КУМАНОВО	„Илинденска" бб	П+3+Пк	1	20	1,720.00	396.00	246.00		
		Б-1 Васко Карангелески бб	П+4+Пк	1	24	1,558.14			24	197.68
4	КИЧЕВО	„Маршал Тито 191-197	П+2	1	4	228.58	176.72		4	19.14
		Трговско-деловен објект	П	1			550.75			
5	СТРУГА	нас.„Плитишта" У-2 3 двокуќи 5 единечни	П+2	8	22	1,816.00		357.5	22	281.00
	Дебар	8-ми Септември	надградба на подкровје	1	4	256.00				
	Дебар	нас. Венец 2 Л-3 и Л-4	Л3 П+4+Пк Л4 П+4+Пк	1	30	1,461.13	106.43		30	129.18
6	ВЕЛЕС	Ленинова/Енгелсова	П+4+Пк	1	27	1,596.50	138.00		27	195.00
7	ШТИП	Б-23 Сењак-3	П+4+Пк	1	48	3,435.96			48	380.00
8	ПРИЛЕП	„Борка Талески" 76	П+2+Пк	1	5	343.66	98.71			
		„Точила" К5 Ламела А	С+П+4+Пк	1	26	1,354.34	58.66		26	52.66
9	ТЕТОВО	м.в. „Кљуково"	П+4+Пк	1	35	2,276.92	386.35		35	325.29
	Гостивар	Б-1 Тоскалар-1	П+4+Пк	1	42	2,524.07	361.70		42	229.04
10	СТРУМИЦА	Ѓорѓи Василев" бб	П+4	1	25	1,505.00			25	204.55
11	ОХРИД	Расадник 3	П+4+Пк	1	46	2,426.26			46	360.00
		„Партизанска" бб	П+М+5	1	36	2,320.00	489.99	821.63		
		ВКУПНО I.2.		37	1,140	70,094.36	6,177.94	2,820.13	956	7,842.58

I.3. Проект F/P 1340 на Советот на Европа Фонд за социјален развој за изградба на социјални станови - период на градба 2000-2001 година										
Ред бр.	Подрачна единица	Локација (објект)	Катност	Број на објекти	станови		деловен простор	гаражи	подруми	
					број	поршина (м2)	поршина (м2)	поршина (м2)	број	поршина (м2)
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11
1	СКОПЈЕ	Реонски Центар „Аеродром" - Ново Лисиче 2.1 К1,2.2 К1	П+6+Пк	1	78	5,485.00	416.00			
		Реонски Центар „Аеродром" - Ново Лисиче 2.5 К1,2.6 К1	П+6+Пк	1	78	5,485.00	416.00			
		Реонски Центар „Аеродром" - Ново Лисиче 2.3 К1,2.4 К1	П+6+Пк	1	78	4,923.95	364.00			
		Реонски Центар „Аеродром" - Ново Лисиче 2.7 К1,2.8 К1	П+6+Пк	1	78	4,923.95	364.00			
		Реонски Центар „Аеродром" - Ново Лисиче 2.9 Б2	П+5	1	24	1,558.14			24	70.00
		Реонски Центар „Аеродром" - Ново Лисиче 2.10 Б2	П+5	1	24	1,558.14			24	70.00
		Реонски Центар „Аеродром" - Ново Лисиче 2.11 Б2	П+5	1	24	1,558.14			24	70.00
2	БИТОЛА	Шерусти (Довлецик) 2 ламели	П+5, П+6	1	43	2,348.09			43	310.00
3	СТРУМИЦА	Б-2 „Ѓорѓи Василев"2 Лам А	П+4	1	30	1,938.90			30	286.69
4	ГЕВГЕЛИЈА	Блок А Лам 5 „Сава Михаилов" бб	П+4+Пк	1	23	1,213.13			23	180.00
5	Штип	Б-22 нас. Сењак-3	П+4+Пк	1	48	3,435.96			48	380.00
6	ВЕЛЕС	населба Тунел-2 Б-1	П+4+Пк	1	48	2,728.00			48	405.00
		населба Тунел-2 Б-2	П+4+Пк	1	48	2,728.00			48	405.00
		населба Тунел-2 Б-3	П+4+Пк	1	48	2,728.00			48	405.00
7	ТЕТОВО (Гостивар)	„Тоскалар-2"	П+4+Пк	1	42	2,524.07	361.70		42	229.04
8	ПРИЛЕП	К-5 Б и В Точила	П+4+Пк	1	52	2,709.84	117.32		52	210.64
9	КОЧАНИ (Делчево)	Станбена населба „Центар" Б-1	П+4+Пк П+2+Пк	1	38	2,021.74			38	360.00
		ВКУПНО I.3.		17	804	49,868.05	2,039.02	0	492	3,381.37

I.4 Новопредвидени објекти за Програмата за изградба на станбен простор за 2001 година за во припрема										
Ред бр.	Подрачна единица	Локација (објект)	Катност	Број на објекти	станови		деловен простор	гаражи	подруми	
					број	поршина (м2)	поршина (м2)	поршина (м2)	број	поршина (м2)
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11
1	СКОПЈЕ	Реонски Центар „Аеродром" - Ново Лисиче 2.12. К1	П+6+Пк	1	32	2,400.00	300.00			
		Реонски Центар „Аеродром" - Ново Лисиче 2.13. К1	П+6+Пк	1	32	2,400.00	300.00			
		Реонски Центар „Аеродром" - Ново Лисиче 2.14. К1	П+6+Пк	1	32	2,400.00	300.00			
		Реонски Центар „Аеродром" - Ново Лисиче 2.12. Б2	П+5	1	24	1,558.14			24	70.00
		Ѓ. Петров Јурија 2.3.	П+3+Пк	1	40	2,394.00			40	480.00
		Ѓ. Петров Јурија 2.4.	П+4+Пк	1	60	3,780.00			60	630.00
		Ѓ. Петров Јурија 2.5.	П+4+Пк	1	36	2,116.80			36	350.00
		Ѓ. Петров Јурија 3.1.	П+2+Пк	1	36	2,217.60			36	550.00
		Ѓ. Петров Јурија 3.2.	П+4+Пк	1	30	1,881.00			30	310.00
		Ѓ. Петров Јурија 3.3.	П+4+Пк	1	36	2,116.80			36	350.00
		Ѓ. Петров Јурија 3.4.	П+4+Пк	1	42	2,570.40			42	420.00
		Ѓ. Петров Јурија 3.5.	П+3+Пк	1	40	2,394.00			40	470.00
		Шуто Оризари 3.2	П+3+Пк	1	80	4,802.00			80	960.00
		Шуто Оризари 3.3	П+3+Пк	1	92	5,537.00			92	1100.00
		Шуто Оризари 3.4	П+3+Пк	1	118	7,056.00			118	1410.00
		МЗ Ферид Бајрам 9.2.	П+6	1	124	7,425.00	1,240.00		124	1240.00
		МЗ Ферид Бајрам 9.4.	П+6	1	54	3,225.00	540.00		54	540.00
		МЗ Ферид Бајрам 9.5.	П+6	1	54	3,225.00	540.00		54	540.00
		МЗ Ферид Бајрам 9.6.	П+6	1	72	3,225.00	720.00		72	720.00
2	КУМАНОВО	Б-2 Васко Карангелески бб	П+4+Пк	1	24	1,558.14			24	197.68
		Б-3 Васко Карангелески бб	П+4+Пк	1	24	1,558.14			24	197.68
3	ГЕВГЕЛИЈА	Блок А Ламела 4 „Сава Михајлов" бб	П+4+Пк	1	23	1,213.13			23	180.00
4	СТРУГА Дебар	нас. „Параспур"Л3 Л4 Л5	П+4, П+3	1	39	2,310.00	315.00	267.50	33	449.00
5	ПРИЛЕП	„11-ти Октомври" бб	С+М+4	1	48	2,880.00	256.00		48	192.00
		нас. „Точила" до училиште	С+П+Пк	1	40	2,400.00	116.00		40	160.00
6	КОЧАНИ Делчево	Б-2 Станбена заедница Центар	П+4+Пк П+2+Пк	1	38	2,021.74			38	360.00
7	СТРУМИЦА	Балканска бб	П+4	1	28	2,531.64	497.00	384.00	30	418.00
		Маршал Тито бб	П+3	1			958.00			
8	ОХРИД	Расадник 4	П+3+Пк	1	38	2.13,50			38	360.00
		Градска плажа (1)	П+3+Пк	1	40	1,732.00		170.00	30	180.00
9	КИЧЕВО	11-ти Октомври 26-40	П+3	1	24	1,518.00	380.00		24	120.00
		„Борис Кидрич" Ложионица	П+4+Пк	1	40	2,400.00	800.00		40	200.00
		Јоаким Крчовски бб	П+4	1	20	1,250.00	315.00		20	315.00
